Дневни сценарија за април Македонски јазик

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Литература и изразување и творење | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржинии поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Самостојно пишување текстови** *(композиција: вовед, главен дел, завршен дел; креативно пишување, дневник)* | Ги **почитува правописните правила** при пишување текст. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се повторува за правописни правила преку насочувачки прашања од наставникот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во парови. Добиваат наставен лист во кој има здебелени зборови (со најчести грешки во писмените работи кои наставникот ги увидел во писмените состави на учениците).<br>Задачата е да ги променат зборовите со нови зборови или изрази со што би го збогатиле текстот и би дале креативни решенија<br>*(Поправка на писмената работа*<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот текстот си го проверуваат од аспект на примена на правописни правила и се изведуваат заклучоците за правописни правила и најчести грешки при пишување текст<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Библиотека во училницата<br>-Училишна библиотека<br>-Правопис на македонскиот јазик | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- изработките/ практичните изведби (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови,.) |

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија за април Македонски јазик

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма** *(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено* | Разликува глаголски форми според граматичките категории време, број, лице и вид. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>**Игра- Двоен блиц*. *(*Наставникот влегува во училницата и го започнува часот со зборови како: „Добро утро, лингвисти!" и со прашање како: „Колку сакате да научиме денес за глаголите?" за да ги заинтересира учениците за наставната содржина. и да ги поттикне да размислуваат и да ги подготви за активно учење.*)*<br>Учениците ги споделуваат своите знаења за глаголите и очекувања во врска со наставната тема и учениците имаат можност да рефлектираат и да споделат свои искуства, што би ги поттикнало да се ангажираат и да се чувствуваат мотивирани за учење за глаголите.<br>Наставникот ги запишува на таблата -одговорите на учениците.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во 2 групи.<br>**Игра -глаголско пазарување.*<br>*Подготовка на картички:* Наставникот креира различни картички со глаголи и нивните форми.<br>Картичките се делат на двете групи - едната група ученици претставуваат „продавачи" (во која се дадени глаголски форми) а друга група се „купувачи" (со непополнети форми на глаголите).<br>Наставникот ги објаснува правилата на играта на учениците.<br>Учениците во групата „купувачи" треба да ги изберат и купат глаголите со точните форми од "продавачите". Учениците ќе комуницираат и ќе соработуваат во тимови за да ги најдат соодветните глаголски форми и да ги изберат што е можно побрзо и точно. | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Техники/игри<br>-картички со глаголи | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- практичните вежби |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *време, идно време)* | | | <br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ќе имаат неколку минути за да запишат во своите тетратки најважните работи што ги научиле за глаголските форми. Тие може да запишат како се разликуваат глаголите според времето, бројот, лицето и видот, како и како ги применуваат овие знаења во различни контексти.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?",<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?",<br>3) „Што научивте?"<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?". | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма** *(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)* | Ги менува и ги користи глаголите СУМ и ИМА во формите за сегашно, идно и минато определено време. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците ја играат играта *Јас сум – ти си:*<br>Влечат сликички на кои има илустрирано инсекти, животни, предмети... Дел од нив се повторуваат. Стојат во круг и се почнува со тоа што наставникот/наставничката кажува една илустрација од сликичките. Пр. пеперутка. и вели: „јас сум пеперутка“, ако има некој кој е пеперутка, а се наоѓа во близина на наставникот/наставничката, истапува еден чекор во кругот и наставникот/наставничката вели: „ти си пеперутка“, ако е подалеку од наставникот/наставничката, вели: „тој е пеперутка“. Ако се работи за повеќе ученици, во зависност од нивната поставеност, наставникот/наставничката вели: „ние сме пеперутки, и вие сте пеперутки, тие се пеперутки. При секоја промена на сликичката, наставникот/наставничката внимава на позицијата на ученикот кон кој се обраќа. Потоа ги запишува речениците од една сликичка на таблата, па разговара со учениците за тоа што го гледаат на таблата. Учениците треба да ги увидат личните заменки, но и формите на помошниот глагол сум во сегашно време. Играта се повторува со тоа што им се кажува на учениците да замислат дека го сонувале оти сè она што го има на картичката, па фразата сега ќе биде: „Јас сонував дека бев пеперутка...“ и така ги добиваме формите од помошниот глагол сум за минато определено време па во иднина се пеперутки ...“ и така ги добиваме формите од помошниот глагол сум за идно време.<br>**Главни активности – искуствено учење** | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Техники/игри<br>-Илустрирани картички Илустрации<br>- Табели, шеми од наставниот материјал | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- практичните вежби<br>- пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови,.)<br>- домашни задачи |

resursi.literatura.mk

Учениците се поделени во 3 групи и имаат задача да состават текст со десетина реченици, но едната група треба да ги користи формите на помошниот глагол сум во сегашно време, а другата треба да ги користи формите на помошниот глагол сум во минато определено време и третата треба да ги користи формите на помошниот глагол сум во идно време.

**Завршна активност – извлекување заклучок**

Се изведуваат заклучоци за глаголите СУМ и ИМА во формите за сегашно, идно и минато определено време. Наставникот шематски ги прикажува формите на помошните глаголи СУМ и ИМА во формите за сегашно, идно и минато определено време.

Сегашно време

| | СУМ | | ИМАМ | |
|---|---|---|---|---|
| | еднина | множина | еднина | множина |
| 1. л. | сум | сме | имам | имаме |
| 2. л. | си | сте | имаш | имате |
| 3. л. | е | се | има | имаат |

Минато определено време

| | СУМ | | ИМАМ | |
|---|---|---|---|---|
| | еднина | множина | еднина | множина |
| 1. л. | бев | бевме | имав | имавме |
| 2. л. | беше | бевте | имаше | имавте |
| 3. л. | беше | беа | имаше | имаа |

Идно време

| | СУМ | | ИМАМ | |
|---|---|---|---|---|
| | еднина | множина | еднина | множина |
| 1. л. | ќе сум/ќе бидам | ќе сме/ќе бидеме | ќе имам | ќе имаме |
| 2. л. | ќе си/ќе бидеш | ќе сте/ќе бидете | ќе имаш | ќе имате |
| 3. л. | ќе е/ќе биде | ќе се/ќе бидат | ќе има | ќе имаат |

**Рефлексија**

Се води дискусија по следните прашања:

1) ,,Што правевме денес?“,

2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,

3) „Што научивте?“

4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“.

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија за април Македонски јазик

| | |
|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | ООУ„Коле Канински “- Битола |
| Адаптирал: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма** *(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато* | Ги менува постојните глаголски форми за време со форми за друго глаголско време. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>**Игра временска меморија*<br>(Интерактивна активност што ги мотивира учениците да бидат активни и ангажирани, и им помага да го повторат наученото за различните глаголски времиња на забавен и интересен начин.)<br>Наставникот ги подготвил картички за играта. Секоја картичка треба да содржи глагол, глаголите треба да бидат во различни времиња – минато определено време, сегашно и идно време. Учениците се поделени во тимови од по 4 ученици. Картичките се распоредуваат на маса свртени со лицето надолу. Целта на играта е да се најдат и спојат картичките со ист глагол, но во различно време. По еден ученик од секој тим го претставува својот тим и избира една картичка. Тој ја зема картичката и ја покажува на сите ученици. Следниот ученик од истиот тим потоа избира друга картичка. Ако двете картички содржат ист глагол, но во различно време (минато, сегашно или идно), тие се земаат и се оставаат на страна. Во спротивно, картичките се враќаат на масата, а редот на играње преминува на следниот тим. Играта продолжува сè додека сите картички не се спојат.<br>Додека учениците ги отвораат картичките наставникот поставува прашања за глаголските времиња и глаголските форми.<br>**Главни активности – искуствено учење** | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Техники/игри<br>-картички со глаголи | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- практичните вежби<br>- пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *определено време, идно време)* | | | Учениците се поделени во 3 групи и имаат задача. Секоја група добива ист текст, но во истиот текст се употребени глаголи во различно време. Задачата е да се открие со кое глаголско време се искажани дејствата во текстот и како се пишува глаголската форма за даденото време.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Презентација на групите и примерите, групите ги запишуваат на таблата посочувајќи на времето кога се врши глаголското дејство.<br><br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | литературни текстови,.)<br>- домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма** *(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)* | Ги менува постојните глаголски форми за време со форми за друго глаголско време. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците одговараат на поставени прашања со цел да се повтори наученото за глаголи размислуваат и ја запишуваат -*Мрежа на темата* за глаголи.<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1.Учениците играат игра со тениско топче. Оној што го има топчето кажува реченица во сегашно време, го фрла топчето кај друг ученик и тој треба да ја трансформира реченицата во идно време, потоа следниот ученик којшто го има топчето ја трансформира во минато | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Техники/игри<br>- | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- практичните вежби<br>- пишување/творењ е текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови,.)<br>- домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | време. Учениците ги запишуваат речениците во тетратките и составуваат краток текст од запишаните реченици.<br>2. Игра- Во потрага по изгубените глаголи- Учениците се поделени во 4 групи. Потребни се повеќе фигури за секој играч и една коцка за играње. Правилата на играта се: Секој играч ја фрла коцката за играње и ја поместува својата фигура онолку места колку што покажал бројот на коцката. Ако на полето има реченица со место за дополнување, треба да ја дополни со соодветниот глагол, инаку треба да се постапи според барањата во тоа поле. Играта има 31 поле, наставникот има поставено 31 барање (1. Глаголот гледа во трето лице множина, минато определено несвршено време 2. Одмори се еден круг. 3. Реченицата: Тој гледа филм; трансформирај ја во идно време 4. Имаш право на уште едно фрлање... ) Учениците си ги запишуваат одговорите во тетратка.<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Победник е играчот со најмногу поени, а не оној кој стигнал прв до целта. Ученикот победник ги презентира своите одговори пред целиот клас.<br><br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања: | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија за април Македонски јазик

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Активности за следење на постигањата на учениците од морфологија (заменки и глаголи)** | Го анализира, проценува и подобрува и применува сопственото учење од стандардите за (заменки и глаголи) | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот ја подготвил активности за следење на учениците, ги спроведува вежбите. Наставникот обезбедува работна атмосфера, дава појаснување на часот (уредност, ракопис-читлив, обмислување, па пишување на одговорите).<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Следење на работата на учениците, наставникот дава соодветна помош доколку не влијае на самостојната примена на знаењата на ученикот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заедничко вреднување (под водство на наставникот) на вежбите според тоа колку добро ги усвоиле знаењата од наука за јазикот комуникација (елементи и видови). Оценување и проверка на одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Наставни листови<br>Квизови<br>Тестови на знења | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

resursi.literatura.mk

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Слушање со разбирање** | Одговара на прашања поврзани со содржина на прочитан текст од стручна книга, енциклопедии, извештаи. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на презентација ги истакнува неколку загатки, мистерии или интересни факти. Учениците имаат неколку минути да размислат и да обидат да ги решат загатките, мистериите со цел да со цел да ја развијат својата способност за логичко мислење, креативност и способност за решавање на проблеми.<br>**Загатка за животни:** „Кое животно има најдолга нога кога е младо, подолга кога расте и најкратка кога ќе остари?" (жирафа) Жирафата има најдолги нозе кога е младенче, бидејќи тогаш нејзините нозе се подолги од телото. Со растењето, нејзините нозе постепено стануваат пократки во споредба со телото, а кога старее телото станува пократко во споредба со телото.<br>**Мистерија:** Кој вози без да има возачка дозвола? („Облакот". Облаците се движат низ небото, но не поседуваат возачка дозвола)<br>**Интересни факти:** Најдобрите татковци во светот на животните можат да се пофалат со многу работи, но само неколку од нив можат да носат бременост. Имено, морските коњи се меѓу ретките животински видови кај кои мажјаците го носат нероденото потомство.<br>Мажјаците во нив носат јајца, произведени од женката. Трудниот татко може да ја регулира соленоста на водата во кожурецот. На тој начин го подготвува потомството за живот во морето. Бременоста трае од 10 до 25 дена, во зависност од видот на морското коњче.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците добиле домашна задача да истражат кои стручни книги | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- Стручна литература :книги, енциклопедии, речник, лексикон, учебници | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ги имаат во својот дом, да ги запишат нивните наслови и видот на стручната книга која ја нашле на дадена тема (речник, лексикон, енциклопедија, учебник итн.). Ако не можат да пронајдат дома, може да ја посетат и училишната библиотека и да добијат помош од библиотекарот. Учениците пронајдениот текст од стручна литература, енциклопедија или некој извештај, го претставуваат пред своите соученици. Учениците го слушаат текстот и одговараат на прашањата поврзани со слушнатиот односно прочитан текст.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот учениците резимираат со една до две реченици во пишана или усна форма.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Дневни сценарија за април Македонски јазик

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Слушање со разбирање** | Одговара на прашања поврзани со слушнат текст на дадена тема. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците слушаат снимена тридневна временска прогноза (со голема разлика во температурата од еден до друг ден). Потоа наставникот ги дели во три групи (прва група – прв ден, втора група – втор ден, трета група – трет ден) и им дава насока секоја група да опише (во кус пишан текст) како би се облекле согласно добиената информација од временската прогноза за конкретниот ден. 0ваа активност ќе ги подготви учениците за следните активности од часот во коишто ќе имаат можност да слушнат и анализираат текстови и да споделат свои размислувања со соучениците.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците слушаат извадоци од книгата „Приказни за добра ноќ за бунтовни девојчиња“ од Елена Фавили.<br><br>По секој слушнат текст одговараат на прашања кои ги добиле | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- Библиотека во училницата, училишна библиотека<br>-книги | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на наставен лист. Се наведуваат примери од прочитаните делови од книгата за различни успешни жени во различни професии.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Одговорите се презентираат пред паралелката. Учениците споделуваат свои размислувања и заклучоци за значењето на родовата еднаквост и инклузијата во сите сфери на животот. Се заклучува дека жените можат да бидат успешни во различни професии (писателки, пилоти, истражувачки, научнички итн.).<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Синтакса**<br>**Реченица: поим, содржина и модална карактеристика на реченицата**<br>*(расказни реченици, прашални реченици, извични реченици)* | Ја идентификува реченицата како логичен состав од зборови, како граматички правилна конструкција и како интонациска целина | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците добиваат лист хартија на кој има напишано реченица. Со ножица ја сечат реченицата на тој начин што секој збор претставува посебно парче, посебна единица. Од ученикот се бара правилно да ги спои парчињата хартија на тој начин што правилно ќе конструира реченица која ќе претставува една смислена јазична целина составена од нејзините основни елементи. Учениците ги читаат и запишуваат речениците на таблата, истакнувајќи ја поврзаноста на нејзините основни елементи.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците добиваат картички на кои има дадено зборови.<br>Учениците имаат задача во парови од зборовите да состават реченица со логичен состав од зборови како граматички правилна конструкција и како интонациска целина. Учениците го пронаоѓаат и заокружуваат подметот, а потоа го пронаоѓаат и подвлекуваат прирокот во секоја реченица и видот на реченицата како интонациска целина (расказна, прашална, извична)<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Одговорите се презентираат пред паралелката. На крај се дискутира која е улогата на подметот, а која на прирокот во реченицата и се изведуваат заклучоци за граматички правилна конструкција на реченицата.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања: | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- картички<br>- Листови хартија<br>Ножици | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1) ,,Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Синтакса**<br>**Реченица:**<br>**поим,**<br>**содржина и модална карактеристика на реченицата**<br>*(расказни реченици, прашални реченици, извични реченици)* | Идентификува видови реченици според модалноста во даден текст. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците добиваат различни илустрации (лице кое го боли заб, дете кое дува свеќа и замислува желба, лик кој кашла и бара вода, дете во очекување да отвори подарок итн.) и составуваат различни видови реченици (расказни, извични, прашални), во согласност со илустрацијата. Учениците ги презентираат одговорите пред паралелката. Се открива целта на часот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во 4 групи и секоја група влече по еден лист со задача од кутија или од торбичка. На листовите има напишано: раскажи, изрази една желба, прашај, заповедај. Во зависност од зборот што го извлекле, треба да состават по 3 реченици преку кои ќе го изразат ставот на говорителот. (Пр. Вчера бев во Битола. Сакам сладолед. Каде одиш? Купи ми чоколадо!)<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се читаат речениците, се дискутира каков став се изразува, што означуваат и со која интонацијата се читаат/интонираат.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- картички<br>- Листови хартија кутија/ торбичка | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Синтакса**<br>**Реченица:**<br>**поим,**<br>**содржина и модална карактеристика на реченицата**<br>*(расказни реченици, прашални реченици, извични реченици)* | Идентификува видови реченици според модалноста во даден текст. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Секој ученик треба да го наведе своето најдобро другарче од одделението. Учениците стојат во круг и имаат едно топче. На знак на наставникот првиот ученик со топчето во рака кажува расказна реченица за неговото најдобро другарче и го подава топчето на друг ученик. Другиот ученик прво ја претвора расказната реченица во прашална, а потоа смислува нова расказна реченица и го подава топчето на трет ученик. Постапката се повторува сѐ додека сите ученици не кажат барем по една реченица.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците имаат задача да направат постер преку апликација *canva* соодветно достапна на интернет во кој како главна вест ќе имаат употребено расказна, прашална, извична реченица. (Кој е виновен за тоа што се случи? Денес времето ќе биде сончево и сл.).<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На часот ги презентираат постерите. Заеднички прават лектура на речениците и ја согледуваат соодветната интерпункција.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- топче<br>таблети<br>мобилни телефони | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

Дневни сценарија за април Македонски јазик

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Изразување и творење**<br>**•Раскажување и прераскажување** | Прераскажува содржина на прочитан расказ и роман (усмено и писмено), почитувајќи го редоследот на настаните во текстот. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се проверува подготвеноста на учениците за работа на лектирното дело „ Големи и мали“ Секој ученик пред себе има примерок од лектирното дело и се запознаваат со биографските податоци за  авторот на делото – Бошко Смаќоски<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>• *Игра: Реченична линија*- Учениците ќе бидат предизвикани да создадат реченична линија од важните настани или цитати од романот: "Големи и мали". Секој ученик ќе напише најважен настан или цитат од романот на посебна картичка или парче хартија. Потоа, тие ќе ги распоредат картичките или парчињата хартија во линија на подот според редоследот на настаните во романот.<br>Оваа активност ќе му овозможи на наставникот да ја прегледа подготвеноста на учениците за прочитаноста на романот.<br><br>Се анализира содржината на лектирата | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- Библиотека во училницата, училишна библиотека<br>-книги<br>-наставни листови<br>-листови хартија | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се дискутира за темата, местото, времето и ликовите, настаните.<br>Учениците усно ја прераскажуваат содржината по насочени прашања.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците запишуваат план во тетратка или пополнуваат работен лист за прашања поврзани со првиот дел од книгата.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| | |
|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | ООУ„Коле Канински “- Битола |
| Адаптирал: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ |

<table>
<tr><th>Содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Епика во проза</td>
<td>Ја поврзува проблематиката на даден литературен текст со стварноста преку наведување примери од секојдневниот живот.</td>
<td>1</td>
<td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>Наставникот им пушта на учениците краток видео-исечок од серијата "Големи и Мали".<br>https://www.youtube.com/watch?v=y1XBaGbV7R4<br>Се води разговор со учениците, за ликовите, нивните постапки, дали ги оправдавуваат, зошто не ги оправдуваат, која порака може да се извлече од нивното однесување..<br>Главни активности – искуствено учење<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива задача за анализа на лектирата:<br>1.Мапа на приказната<br>
</td>
<td>Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- Библиотека во училницата, училишна библиотека<br>-книги<br>-наставни листови<br>-фломастери</td>
<td>- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>- -(пишување/творење текстови</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2. Анализа на „малите“ ликови од романот (се анализира нивниот надворешен и внатрешен опис, кои се позитивни, а кои негативни ликови. Помеѓу нив се прави споредба: кој е подобар лик, кој полош, кој прави подобри дела и кој ви е најомилен од нив, може да ги илустрираат)<br>3. Анализа на „големите“ ликови од романот (се анализира нивниот надворешен и внатрешен опис, кои се позитивни, а кои негативни ликови. Помеѓу нив се прави споредба: кој е подобар лик, кој полош, кој прави подобри дела и кој ви е најомилен од нив, може да ги илустрираат)<br>4. Расправиите (Раскажи ги расправиите, проблемите и судирите што ги имале жителите на улица „Караорманска“. Наведи кои ликови со кои најчесто имале кавги, поради што, како се справувале, кој им помагал и според вас кој имал повеќе право и зошто. Објасни зошто лектирата се вика „Големи и мали“.)<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат одговорите.<br>Се извлекува заклучок за впечатоците кои им ги оставило лектирното дело:<br>Која ви беше првата мисла додека ја читавте лектирата?<br>Кој дел ви беше омилен, а кои омилени ликови?<br>Кој лик би сакале да го драматизирате? Зошто? Што се промени кај вас по читање на лектирата?<br>Што научивте, а порано не сте го знаеле?<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>- -презентација на изработките |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Синтакса Граматичка структура на реченица** *(проста реченица, подмет, прирок - глаголски прирок)* | Ја објаснува структурата на простата реченица и функцијата на прирокот и подметот во реченицата | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот дава насоки за часот.<br>Секој ученик на ливче треба да напиши пример на проста реченица. Потоа ливчињата со простите реченици треба да ги размени со другарчето од клупата. Секој ученик треба да ја прочита реченицата што ја добил, а потоа да ги идентификува прирокот и подметот во неа. Учениците ги анализираат речениците преку насочувачки прашања зададени од наставникот. Од кои делови се составени? Каква информација ни даваат? Која е функцијата на простите реченици?<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1.Учениците се делат во парови. Секој пар добива картички на коишто има запишано различни видови зборови. Треба да изберат соодветни зборови и да состават реченица. Во продолжение добиваат задача да ја тргнат картичката каде што е прирокот. Се отвора дискусија дали може да се создаде реченица без прирок? Учениците ќе размислуваат и ќе споделуваат свои мислења и ставови за функцијата на прирокот и подметот во реченицата.<br>2.Учениците создаваат реченици со помош на интерактивна игра на таблата. На таблата се поставуваат квадрати со зборови или делови од реченици. Секој ученик на својот потег би требало да го дополнува првиот збор што ќе го види, за да создаде смислена реченица. Потоа, другиот ученик дополнува | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- картички<br>- Листови<br>-квадрати со речениците | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | со наредниот збор, продолжувајќи ја претходно создадената реченица.<br><br>Пр. Змејот леташе низ планината.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за структурата на простата реченица која е улогата на подметот, а која на прирокот во реченицата и се изведуваат заклучоци за граматички правилна конструкција на реченицата.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Синтакса Граматичка структура на реченица** *(проста реченица, подмет, прирок - глаголски прирок)* | Креира проста реченица со подмет и прирок | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се пополнува *мисловната мапа* за реченица.<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Учениците добиваат почетен збор или дел од реченица. На пример, првиот ученик од класот може да ја започне реченицата со зборот ,,На плажата"... | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- картички<br>-Игри/техники на учење | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Првиот ученик го изговара својот збор или дел од реченица, а вториот ученик дополнува со уште еден збор (На пример, вториот ученик може да дополни со ,,На плажата имаше"...) Играта продолжува сè додека учениците можат да ја дополнуваат реченицата. Ако некој од учениците не може да дополни или изоставил некој збор, тој отпаѓа од играта. Победник е оној ученик кој ќе успее да ја доврши најдолга реченица.<br>2. Учениците се поделени во парови. Секој пар креира своја табела со именки, заменки и придавки и глаголи. Потоа напишаните зборови ги користат за составување прости реченици. Во речениците подвлекуваат кој го врши дејството и кој збор го претставува самото глаголско дејство. Неколку реченици се запишуваат на таблата и се определува подметот и прирокот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за структурата на простата реченица која е улогата на подметот, а која на прирокот во реченицата и се изведуваат заклучоци за граматички правилна конструкција на реченицата.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Дневни сценарија за април Македонски јазик

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Медиумска писменост | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Стереотипи и говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи** *(родови стреотипи, возрасни стереотипи, расни стереотипи, етнички стереотипи, професионални стереотипи, говор на омраза)* | Препознава стереотипи во медиумите | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на презентација истакнува неколку реченици кои содржат стереотипи, се анализираат, дискутираат и учениците ги споделуваат своите размислувања. Оваа активност ќе ги поттикне учениците да размислуваат и да се ангажираат во активностите, создавајќи можност за размена на различни гледишта и мислења.<br>• *„Жените секогаш се занимаваат само со шопинг и не работат ништо друго."*<br>• *„Луѓето од село се груби и асоцијални."*<br>• *„Сите политичари се богати и имаат сè што ќе посакаат."*<br>• *„Момчињата никогаш не плачат“*<br>• *„Уметниците се луди и неорганизирани."*<br>• *„ Јапонците се екстремно интелигентни и работат 10 часа без пауза.“*<br>• *„Децата кои се големи љубители на читањето книги не се способни за играње спортови."*<br>• *„Мајките треба да се грижат за децата и да бидат домаќинки, додека татковците треба да работат и да ги поддржуваат семејствата финансиски."*<br>• *„Само големите кучиња се добри чувари и заштитници, додека малите се слаби и немоќни.“*<br>• *„ Татковците не знаат да готват, мајките се лоши возачи“* | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- картички<br>-Игри/техники на учење<br>- Текстови<br>Е-весници<br>Интернет портали<br>Аудио средства<br>Визуелни средства | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • *,,Девојчињата не треба да играат фудбал, а момчињата не треба да играат модерни танци“*<br><br>По анализирањето на овие стереотипи, учениците можат да размислат за ситуации од нивното секојдневие каде стереотипите може да влијаат на начинот на кој гледаат или се однесуваат кон другите. Учениците споделуваат свои искуства.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Наставникот на учениците им прикажува видео со цел анализа на стереотипи во медиумите (со родови стереотипи). Во видеото се прикажани ситуации каде децата се поттикнуваат да ги претстават стереотипите поврзани со полот, во овој случај, ,,однесувај се како девојче“. Видеото покажува како децата ги примаат и интерпретираат инструкциите засновани на стереотипите во општеството. Ваквите ситуации преку хумор и сатира прикажуваат како стереотипите можат да бидат преосмислени и предизвикани. Во видеото, на крајот каде што девојката одговара дека нема да трча како девојче туку како што таа самата трча, како индивидуа. Се истакнува важноста на тоа дека секоја личност е различна и никој не треба да биде ограничен од стереотипи.<br><br>Оваа сцена ги поттикнува учениците да размислуваат за своите постапки и одлуки независно од општоприфатените стереотипи.<br>https://www.youtube.com/watch?v=h6jH1VbNVD8<br>По гледањето на видеото, учениците во парови дискутираат и ги анализираат примерите на стереотипи кои ги увиделе во видеото. Во нивната дискусија, треба да ги идентификуваат стереотипите, да ги разгледаат нивните ефекти и да изразат своите мислење.<br>2. Учениците се делат во групи и добиваат медиумски настани за анализа, како на пример: вести, реклами, филмски сцени, музички видеа итн.<br>Групите ги гледаат и анализираат сцените, пребарувајќи за | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | стереотипи што можат да ги препознаат.<br>Заеднички ги дискутираат стереотипите кои ги препознале во медиумските настани.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги споделуваат своите заклучоци и размислувања пред целата група и се изведуваат заклучоци за стереотипи во медиумите.<br>Стереотипот претставува слика заснована на предрасуда или полувистина која му се придава на „другиот“ или себе си врз основа на припадност на група.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |